УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- БИТОЛА

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ**

Универзитет
„Св. Климент Охридски“
Педагошки факултет
Битола

**П Р О Е К Т**

# ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Б и т о л а, 2021 година

**Проектот е изработен по иницијатива на студентите од Педагошкиот факултет во Битола**

**Изработка на проектот:**
Педагошки факултет – Битола

**Време на реализација**:
Јануари 2020 – Април 2021 година

**Координатор:**
Проф. д-р Добри Петровски, Декан на Педагошкиот факултет - Битола

**Учесници во проектот:**
***Теоретска рамка:***
*Квалитет и посветеност кон знаењето* од проф.д-р Љупчо Кевереcки
*Значењето на интелектуалниот капитал на високообразовните институции во* РСМ од доц.д-р Весна Стојановска
*Вреднување и оценување на постигањата на учениците* од проф. д-р Јове Д. Талевски и проф.д-р Виолета Јанушева
*Управување (менаџирање) со знаењето* од вонр. проф. д-р Виктор Митревски

***Статистичка обработка:***
Вонр. Проф. д-р Виктор Митревски,
Доц. д-р Весна Стојановска,
Доц. д-р Јосиф Петровски

***Дизајн и компјутерска обработка:***
Доц. Д-р Јосиф Петровски

***Останати учесници и соработници:***
Натали Ристовска- студент,
Александра Паскоска- студент,
Христина Ангелоска- студент,
Јана Пашовска- студент,
Јована Апостоловска- студент,
Искра Талевска- студент

# СОДРЖИНА


1. Вовед....5
2. Теоретска рамка....7
   2.1. Квалитет и посветеност кон знаењето....7
   2.2. Значењето на интелектуалниот капитал на високообразовните институции во РСМ....8
   2.3. Вреднување и оценување на постигањата на учениците....10
   2.4. Управување (менаџирање) со знаењето....13
3. Предмет цел, задачи и хипотези во истражувањето....16
   3.1. Предмет на истражување....16
   3.2. Цел и задачи во истражувањето....16
   3.3. Хипотези во истражувањето....16
4. Применета методологија во истражувањето....18
   4.1. Тек и постапки во истражувањето....18
   4.2. Примерок на испитаници....18
   4.3. Примерок на варијабли....19
   4.4. Статистичка обработка на податоците....19
5. Интерпретација на резултатите....21
   5.1. Основни демографски показатели на испитаниците....21
   5.2. Квалитативни показатели....27
      5.2.1. Посветеност на знаење – Утврдување на квалитетот на подобност на исказите....27
      5.2.2. Посветеност на знаење – Утврдување на односот во исказите помеѓу испитаниците (Хи – квадрат тест на независни примероци)....35
      5.2.3. Вреднување и оценување – Утврдување на квалитетот на подобност на исказите....49
      5.2.4. Вреднување и оценување – Утврдување на односот во исказите помеѓу испитаниците (Хи – квадрат тест на независни примероци)....55
   5.3. Квантитативни показатели....64

5.3.1. Основни дескриптивни наоди за управувњето и посветеност кон знаењето ........................................................................................................64
5.3.2. Основни дескриптивни наоди за оценувањето и вреднување на знаењето ........................................................................................................72
5.4. Односот помеѓу квантитативните показатели ..........................................80
5.4.1. Односот на исказите за посветенос на знењето помеѓу испитаниците од државните и приватните високо-образовни институции..........................................80
5.4.2. Односот на исказите за вреднување и оценување на знењето помеѓу испитаниците од државните и приватните високо-образовни институции............87
5.4.3. Влијние и поврзаност на посветеноста и управувањето со знење ............94
5.4.4. Влијание и поврзаност на вреднувањето и оценување со знаењето.........99
6. Анализа и дискусија на резултатите од истражувањето ...........................103
7. Заклучни согледувања ..........................................................................111
8. Библиографија ......................................................................................116
9. Прилози ................................................................................................119

# 1. Вовед

Во денешниот променлив свет, кој сè повеќе ја зголемува неизвесноста, високообразовните институции треба да се трудат да обезбедат поволни одговори на различните социјални потреби. Тековните технолошки и социјални промени во општеството се главните предизвици за образовните системи ширум светот. Како што истакнува Биргенау (Birgeneau, 2005), високообразовните институции имаат за цел да ги подготват новите генерации со вештини, културна и научна писменост, флексибилност и капацитет за критичко истражување и морален избор, неопходни за да дадат свој придонес кон општеството. За да се постигне тоа, високообразовните институции мора постојано да иновираат и да останат релевантни и оригинални со имплементирање на нови технологии и користење на релевантни бази на знаење. Веројатно, највредните ресурси на секој универзитет се стручноста, експертизата, знаењето на неговиот кадар или неговиот интелектуален капитал. Затоа, ако високообразовните институции ефикасно ги мерат, вреднуваат и управуваат (менаџираат) овие вредни ресурси, тие ќе можат поефикасно да креираат и распоредат стратегии за да ја постигнат својата цел, а тоа е да бидат клуч за националниот развој. Заради сопствениот одржлив развој, неизбежно е високообразовните институции да станат лидери во промовирањето на менаџментот со знаење на институционално и индивидуално ниво.

Поаѓајки од сите овие причини, Педагошкиот факултет - Битола како високообразовна институција којашто во своите рамки на работа треба да произведува знаења, а истовремено обезбедува професионално образование и обука за наставници се обиде да придонесе кон дебатата за разбирањето, вреднувањето и управувањето на знаењето во високообразовните институции преку истражувачки проект што го спроведе во јавни и приватни, високооообразовни институции во Преспанско-пелагонискиот регион во Република Северна Македонија, насочен кон утврдување на ставовите на учесниците во високообразовните институции за вреднувањето на знаењето и посветеноста на високообразовните институции кон истото, неговото креирање, пренесување и натамошна примена. Истражувачкиот проект имаше за цел, теоретски и практично да обработи еден од поголемите проблеми со коишто се соочуваат студентите и вработените (професори/ наставници) во високото образование, а тоа е вреднувањето на знаење. Исто така се обиде да покаже дали различните приоди на вреднување и оценување на знаењето можат да предизвикаат дискриминација помеѓу единките.

Самиот истражувачки извештај е поделен на три дела. Првиот дел започнува со теоретски контекст за значењето на квалитетот на знаењето и знаењето како невидлив имот на високообразовните институции или општо познат како интелектуален капитал, а продолжува со опишување на посветеноста и менаџментот на знаење и вреднувањето и оценувањето на знаењето на учениците кое всушност претставува појдовна основа за понатамошни достигања и напредок на индивидуите.

Во вториот дел, извештајот го опишува генералниот истражувачки дизајн избран за ова истражување, истражувачките постапки и инструменти кои се користат во истражувањето, примерокот на испитаници и статистичката обработка на податоци. Во посебни поглавја се ставени интерпретацијата и дискусијата на резултатите,

квалитативните и квантитативни постапки користени за проучување на истражуваната појава.

Извештајот завршува со заклучоците извлечени од истражувањето во однос на квалитетот, управувањето и вреднувањето на знаењата во високообразовните институции.

Во изведбата на истражувачкиот проект, теренската реализација и подготвувањето на истражувачките извештаи беа вклучени професори и студенти од Педагошкиот факултет – Битола. На сите нив, им благодариме што на различни начини ни помогнаа во неговото подготвување.

На крајот, авторите на овој истражувачки проект повикуваат на повеќе истражувања во оваа област, кои би можеле да се фокусираат на активности и вештини потребни за менаџирање со знаењето на универзитетите на успешен начин, како и на неговото мерење што понатаму може да се користи за управувачки цели на различни нивоа.

Од авторите

## 2. Теоретска рамка

### 2.1. Квалитет и посветеност кон знаењето

*Ние сме предизвикани образованието да го погледнеме не од нашето минато и сегашност, туку од нивната иднина која е веќе наша сегашност. Со КВАЛИТЕТОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО се тестира неговата академска зрелост.*

Ако го посматраме концептот, категоризацијата, пристапите и поимањето на квалитетот, квалитетот во образованието во еден општествено-историски континуум можеме да констатираме дека се срeќаваат две конфронтирачки ориентации во однос на операционализација и валоризација на концептот квалитет. Едната традиционалната ориентација повеќе се приклонува кон тезата дека проценката на квалитетот во принцип зависи од тоа кој го проценува и контекстот во кој се набљудува кој во себе имплицира видлива идеолошка матрица и доза на субјективна проекција. Во овој контекст можеме да констатираме дека концептот на квалитетот е повеќе „плод на политичката мода“ (Becher 1999); и кој е „непостојан и оптоварен со вредности“ (Harvey and Green, 1993), и тоа субјективно операционализирани.

Додека другата современата ориентација академски концептуалзиирана во опсервацијата на концептот на квалитетот тргнува од тезата дека тој зависи исклучиво од објективни релевантни стандарди и критериуми. Во прилог на оваа полемика зборува и McConville (1999) дека „не постои дефиниција, меѓутоа, квалитетот ќе го препознаете кога ќе го пронајдете“ што зборува дека на потребата од потрага, респект, поддршка и афирмација на квалитетот им нема алтернатива.

Што е квалитет во образованието односно како тој се опсервира во академските кругови? Од анализата на трудовите кои ја третираат оваа проблматика можеме да се сложиме со голем број на експерти кои тврдат дека постои вистинска конфузија околу неговото дефинирање која е резултат на постојниот антагонизам помеѓу традиционалните и современите концепти кои во своите теориски и емпириски елаборации нудат своја аргументација. Но, без оглед на постојната концептуална поларизација околу концептот на квалитетот можеме да идентификуваме некои сепаратни или интегрални видувања кај авторите. Тие можат да бидат основа во обликувањето на мозаикот на поимот квалитет погледнат дури и од европската образовна перспектива. Квалитетот на образованието на можеме да го погледнеме како: релативна, а не апсолутна големина, објективна, а не субјективна, динамичка, а не статична категорија, мултидимензионално, а не еднодимензионална детерминирана појава, квалитативно, а не квантитативно операционалзииран конструкт и сл. Овој пристап сметам дека повеќе отвара дивергентни отколку нудење на конвергентени пристапи и погледни кон она што следува и е во фокус на 19 тркалезна маса. Потребата да во 21. век се повеќе да се дебатира за квалитетот на образованието во академските кругови е инспирирана според мене од се повеќе очигледната теза која има длабоки општествено-историски корени, а таа е: НЕСПОСОБНИТЕ СЕ СПОСОБНИ ДА ГИ ОНЕСПОСОБАТ СПОСОБНИТЕ што зборува за еден парадоксално инверзен шок за квалитетот. Интеграцијата на квалитетното образование во проектираните образовни перпективи претставува реален индикатор за нивото за хуманистичката ориентација на образовниот концепт на секоја земја.

Како резултат на тоа образовните концепти во балканското, европското и поширокото светско окружување трагаат по универзалните атрибути кои го легимитираат КВАЛИТЕТОТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО. Образованието односно постигнување на поголем квалитет во нивното образование претставува мултидимензионално условена и детерминирана цел кој има свој историски континум изразен како ВЧЕРА-ДЕНЕС-УТРЕ. Европскиот образовен простор во овој континиум еволуира и бара од нашето окружување перцепирање и воспоставување на стандарди во постигнување на квалитетно образование кои се ослободени од традиционлните општествени и ментални клишеа кои кореспондираат со светските трендови и искуства. Претходните погледи, опсервации и импресии се повод да се актуелизираат, бараат и понудат одговори на неколку полемични и дискутабилни прашања и тоа: Што се подразбра под квалитет на образованието? Кои се општествените и институционалните претпоставки кои што го детерминираат квалитетот на образованието? Какво е влијанието на образовните традиции врз квалитетот на образованието? Кои се перпективите во изградувањето на квалитетот на образованието во балканско и европско окружување? Каде се движат светските трендови во перцепција на квалитетот на образованието? Кои се одговорите? Што потоа ? Кои се новите предизвици во областа на изградување и воспоставување на квалитет во образованието? Овој сет на прашања верувам дека е доволно инспиративен за нашата академска дебата која отвора можности за размена и спротиставување на идеи, концепти и решенија кои се во функција на остварување и подобрување на квалитетот на образованието.

На крајот нашите теориски и емпириски сознанија и искуства би понудиле компромисни решенија и алтернативи кои се во функција на обезбедување на услови за квалитетно образование и тоа ДЕНЕС. *До сега дебатата за квалитетот беше некаде под површината на нашите опсервации, денес дебатата е експлицитна и е на површината, а релевантнта проценката за квалитетот стигнува од учениците односно од пошироката јавност. Затоа квалитетот на образованието останува императив и предизвик во 21. век за сите нас, во академската и пошироката општествена средина*. Единствен компромис во потрагата за квалитетот на образованието на е нашата тенденција за уште поголем квалитет.

## 2.2. Значењето на интелектуалниот капитал на високообразовните институции во РСМ

Денес од аспект на богатството што го формираат едуцираните и квалификувани кадри, интелектуалниот капитал на една организација станува поважен во споредба со другите ресурси (Rafiee et al., 2010). Едно од најважните средства на секоја организација е токму интелектуалниот капитал бидејќи промовира конкурентна предност базирана на создавање на вредност.

Концептот на интелектуален капитал за прв пат беше развиен како рамка за анализирање на придонесот на интелектуалните ресурси во профитните претпријатија но истиот за брзо време беше преземен од од јавните и непрофитни организации поради неговата важност (Mouritsen et al., 2004; Kong and Prior, 2008; Ramírez, 2010). Исто така, постои зголемен интерес за примена на пристапот за интелектуален капитал на високообразовните институции бидејќи меѓу нивните главни цели е продуцирањето и ширењето на знаењето и нивните најзначајни инвестиции се во истражувањето и

човечките ресурси. Високообразовните институции произведуваат знаење, или преку техничко и научно истражување (резултати од студии, публикации итн.) или преку настава (обучени студенти и продуктивни односи со засегнатите страни). Нивните највредни ресурси, исто така, ги вклучуваат нивните наставници, истражувачи, административен и службен персонал, раководители и студенти со сите нивни организациски односи и рутини (Warden, 2003; Leitner, 2004; Ramírez et al., 2007). Точно е да се каже дека инпутот и аутпутот на високообразовните институции се нематеријални. Интелектуалниот капитал, кога се однесува на високообразовна установа е термин што се користи за да ги покрие сите нематеријални или нефизички средства на институцијата, вклучувајќи процеси, капацитет за иновации, патенти, премолченото знаење на нејзините членови и нивните капацитети, таленти и вештини, мрежата на соработници и контакти итн. Интелектуалниот капитал е збир на нематеријални средства што и ,,овозможува на организацијата да пренесе збир на материјални, финансиски и човечки ресурси во систем способен да создава вредност за засегнатите страни" (Европска комисија, 2006, стр.4).

Лонгвист и Метанен во нивниот преглед за дефиницијата на интелектуалниот капитал (ИК) ги идентификуваат следниве карактеристики[1]:

- ИК е невидлив;
- ИК е тесно поврзан со знаењата и искуствата на вработените, како и клиентите и технологиите на една организација;
- ИК нуди подобри можности за една организација да успее во иднина;

Компонентите на интелектуалниот капитал на вискообразовните институции се категоризирани на различни начини. Според Рамирез и Годрило (Ramírez and Godrillo, 2014) трипартитната класификација е најшироко прифатена во литературата (Leitner, 2004; Ramí rez et al., 2007; Sanchez et al., 2009; Bezhani, 2010; Casanueva and Gallego, 2010; Secundo et al., 2010). Трите главни компоненти на ИК се:

Прво, **човечкиот капитал** којшто е дефиниран како збир на експлицитно и премолчено знаење на вискообразовниот персонал (наставници, истражувачи, раководители, административен и услужен персонал), стекнати преку формално и неформално образование и процеси вклучени во нивните активности. Со други зборови, ова е знаењето што вработените го носат со себе кога ја напуштаат вискоокбразовната институција. Примерите за човечкиот капитал вклучуваат: капацитет за иновации, креативност, технолошко знаење и претходно искуство, капацитет за тимска работа, флексибилност на вработените, мотивација, задоволство, капацитет за учење, лојалност, формална обука и образование n (MERITUM, 2002 p. 10)

Второ, **структурниот (внатрешен) капитал** сфатен како експлицитно знаење што се однесува на внатрешните процеси на ширење, комуникација и управување со научното и техничко знаење на универзтетот. Структурниот капитал може да се подели на организациски капитал и технолошки капитал (Corcoles et al., 2011; Ramí rez, Godrillo, 2014). Организацискиот капитал е оперативната средина произлезена од интеракцијата помеѓу истражувањето, менаџментот и организациските процеси, рутини, култура и вредности, внатрешни постапки, квалитет и обем на информатичкиот

[1] A. Lonnquist, P. Mettanen, *Criterina for Sound Intellectual Capital Statements*, Institute of Industrial Management, Tampere University of Technology, Finland, Retrieved from https://www.researchgate.net/publication/228920489_Criteria_of_sound_intellectual_capital_measures, on 20 August, 2021.

систем итн. Технолошкиот капитал ги вклучува технолошките ресурси достапни на универзитетот како што се библиографски и документарни ресурси, архиви, технолошки достигнувања, патенти, лиценци, софтвер, бази на податоци итн.

Трето, **релацискиот (надворешен) капитал** е дефиниран како сите ресурси кои се поврзани со надворешните односи на институцијата, како што се клиенти, соработници, партнери за истражување и развој, влада. Исто така, ја вклучува перцепцијата што другите ја имаат за универзитетот. Примери за оваа катергорија се имиџот, лојалноста и задоволството на студентите и другите партнери, линкови со соработници, пазарна мож, преговарачки капацитет со финансиските субјекти, активности за животната средина итн.

Врската помеѓу овие три компоненти е многу блиска и задача на раководствата на вискообразовните институции е да ги интегрира во нивните менаџерски размислувања што бара разбирање на самите компоненти. За разлика од физичкиот капитал, средствата на интелектуалниот капитал можат да се користат истовремено и со ниски трошоци и тоа е она што го прави интелекуталниот капитал многу посуperiорен од физичките средства. Трите видови на капитал често работаат заедно и доведуваат до развој на суштинските компетенции што имаат стратешко влијание.

Фокусната точка на менаџментот на високообразовните институции е дека интелектуалниот капитал е истакнат извор на конкурентска предност. Во моментов, развивањето на новите производи или услуги се карактеризира со висок степен на новитет. Високо оригиналните и уникатни производи произлегуваат од клучните извори на иновациите. Во таа смисла, интелектуалниот капитал ги создава овие извори на иновации (Delgado-Verde, 2016). Тие може да се сметаат за фундаментална основа во создавање на национална и меѓународна конкурентна стратегија.

На интелектуалниот капитал се гледа како на клучен двигател во развивањето на иновативноста и конкурентната предност на една организација. Во исто време, менаџментот на знаење е препознаен како фундаментална активност за стекнување, развивање и одржување на интелектуалниот капитал во организациите. Тоа значи дека успешниот менаџмент на интелектуалниот капитал е тесно поврзан со процесите на менаџментот на знаење што се случуваат во една организација, што пак имплицира дека успешната имплементација и користење на менаџментот на знаење го обезбедува стекнувањето и растот на интелектуалниот капитал.

## 2.3. Вреднување и оценување на постигањата на учениците

### 1. Поимите оценување и вреднување

Оценувањето на постигањата на учениците е повеќедимензионална појава која е сè уште во центарот на вниманието на сите директни и индиректни учесници во воспитно-образовните институции, но и меѓу стручните лица во поширокото опкружување, што придонесува за неговата значајна улога во општеството. Во стручната литература, но и во наставната практика, покрај поимот оценување, се употребува и поимот вреднување како синоним на поимот оценување. Сепак, како што истакнува Поповски (2005: 34 – 35), вреднувањето е поширок поим од оценувањето и може да се зборува за вреднување во потесна и поширока смисла. Вреднувањето во потесна смисла, според Поповски, опфаќа вреднување на наставните програми, на наставните средства и помагала (вклучувајќи ги и учебниците), вреднување на соодветната законска регулатива и вреднување на работата на училиштето во целина.

Поповски уште истакнува дека оценувањето се однесува на работата на учениците, наставниците и директорите. Вреднувањето, пак, во поширока смисла, според Поповски, ги опфаќа вреднувањето во потесна смисла и оценувањето. Вреднувањето во поширока смисла, според Поповски, се однесува на сите промени во личноста на ученикот предизвикани не само со наставата туку со целокупната табота во училиштето. Оттука, кога станува збор за училиштен контекст, поправилно е да се употребува терминот оценување.

**2. Што е предмет на оценувањето?**

Што е предмет на оценувањето? Што се оценува? Во секојдневната комуникација, но и во наставната практика, како предмет на оценувањето се споменуваат знаењата на ученикот, успехот на ученикот, развојот на ученикот, неговиот напредок итн. Имајќи предвид дека сите овие поими се сфаќаат различно, дека не се еднородни и опфаќаат различни компоненти, Талевски и Јанушева (2015), надоврзувајќи се на Поповски (2005), сметаат дека е посоодветно да се користи поимот постигања научениците, што во себе вклучува различни видови знаења, и тоа, според Поповски (2005), декларативно, во смисла на факти за одреден наставен предмет, како специфични факти, термини и сл. и процедурално знаење, во смисла на вештини, стратегии и способности, како анализа, изведување заклучоци, решавање проблеми, криричко и креативно размислување и сл. Оттука, во наставната дејност, според Поповски (2005), се утврдува степенот до кој постигањата на учениците се совпаѓаат со претходно планираните цели.

**3. Зошто формативно оценување?**

Во стручната литература се зборува за различни видови оценувања, но, секако, посебно се истакнува улогата на формативното оценување. Кое оценување се нарекува формативно? Голем број истражувачи, како Лубиси и другите (Lubisi et al., 1997), Блек и Вилијам (Black & William, 1998), Гојков (Gojkov, 2003), Нитко (Nitko, 2004), Поповски (2005), Вигинс (Wiggins, 2012) Јанушева и Пејчиновска (Janusheva & Pejchinovska, 2011), Талевски и Јанушева (2015) се согласуваат дека формативното оценување е оценување што се врши додека учениците сѐ уште се наоѓаат во процесот на учење. Тоа претставува континуирано оценувања на постигањата на учениците во наставниот процес за да се соберат информации за тие постигања и за тие да се оценат. Овој вид оценување го нагласува процесот на стекнување знаења, а не резултатот. Најважната особеност на формативното оценување е неговиот превентивен карактер, што значи дека неговата примена во наставниот процес го спречува евентуалниот неуспех на учениците, како и неговата диференцираност, што значи дека е насочено кон постигањата на секој ученик посебно и поаѓа од неговите индивидуални карактеристики. Формативното оценување се однесува, всушност, на оценување на практичната оспособеност на учениците и затоа, тоа е автентично оценување. Во текот на формативното оценување и учениците и наставниците добиваат повратни информации за квалитетот на сопствените активности и ефектите од нив: наставникот добива повратна информација за сопственото поучување и за ефектите од него, врз основа на што понатаму тој ја планира, реализира или изменува својата работа, а учениците добиваат повратна информација за своите постигања, а понатаму, врз основа на тоа, се оспособуваат самостојно или со помош на наставникот да го планираат своето учење.

**4. Значењето на повратната информација**

Голем број истражувачи ја истакнуваат улогата што ја има повратната информација во процесот на формативното оценување, како Гуд и Брофи (Good & Brophy, 1984), Блек и Вилијам (1998), Пинтрич и Шанк (Pintrich & Schunk, 2002), Лин и Милер (Linn & Miller, 2005), Поповски (2005), Брукхарт (Brookhart, 2008), Јанушева и Пејчиновска (Janusheva & Pejchinovska, 2011), Вигинс (Wiggins, 2012), Шапуи (Chappuis, 2012), Талевски и Јанушева (2015). За да биде таа квалитетна и ефективна, таа треба да го насочува развојот на ученикот и да содржи пораки кои ученикот може самостојно да ги употреби. Повратната информација треба да е мотивирачка и динамична, да стимулира и да е поврзана со контекстот. Да претпоставиме дека ученикот на писмената работа добива оценка 3. Без повратна информација, кај ученикот може да се јави збунетост зашто од оценката 3 тој нема да разбере точно и прецизно на кои аспекти од неговата активност се однесува оценката, а што во таа негова активност треба да се поправи или измени. Најважно од сè е повратната информација да биде дадена со позитивен тон дури и кога се критикува, да е поврзана со планираните наставни цели и да го повикува ученикот самостојно да преземе активности во однос на подобрување на неговите постигања.

**5. Формативното оценување и наставните цели**

Според Гуди и другите (Good et al., 2010), наставните цели, всушност, обезбедуваат насоки за наставата, ги информираат другите за намерите на наставата и претставуваат основа за постигањата на учениците, па, оттука, учениците треба секогаш да се запознати со тие цели. Во наставниот процес, меѓу другите, особено се важни конкретните цели или крајните исходи од учењето, што претставуваат искази за она што треба да го постигнат учениците до крајот на наставната единица, односно тие се јасни искази што укажуваат на активностите што треба да се реализираат за да се постигне една конкретна цел. Конкретните цели се операционализираат во активностите што се насочени кон резултатите. Конкретните цели, исто така, му помагаат на наставникот да о подготви инструментот за оценување. Во однос на наставните цели, особено е важна Блумовата таксономија, што најчесто се поврзува со конкретизацијата на наставните цели, односно на крајните цели од учењето и што му помага на наставникот да дефинира цели од различно когнитивно ниво.

**6. Стандарди, критериуми и показатели на постигањата на учениците**

Поповски (2005) наведува дека стандардите се сфаќаат како референцијална точка за оценување на постигањата на учениците и како параметар со кој се утврдува што треба да знаат и да можат да направат учениците по завршување на одреден степен од образованието. Понатаму, стандардите (целите) се основа за критериумите што се однесуваат на она што треба да го постигнат учениците, односно на она што е поставено како цел со наставната програма по соодветен наставен предмет. Како што истакнува Поповски (2005), има различни поделби на критериумите, но сите тие имаат предности и недостатоци, од што, пак, може да се заклучи дека, и покрај тоа што се прават напори, многу е тешко да се изработат критериуми што би важеле за сите предмети. Во наставната практика се особено се значајни критериумите што ги изработуваат наставниците. Тие се сметаат за еден вид априористички критериуми (однапред утврдени), а во нивната подготовка треба да се внимава на прецизноста. Според Јанушева (2011), тешкотии се забележуваат особено во утврдувањето на критериуми и показатели за оценување на есејските прашања со кои се оценуваат

повисоките мисловни процеси: анализа, синтеза и вреднување. Пример за стандард, критериуми и показатели:

Стандард = Изработка на проектна задача

Критериум 1 = Дефинирање на истражувачкото прашање

Показатели = (5) Ученикот самостојно го дефинира истражувачкото прашање; (4) Ученикот го дефинира истражувачкото прашање со мала помош на наставникот итн. Токму показателите од типот со голема помош, со мала помош, добро, одлично, солидно се зборови со релативно значење, што го отежнуваат оценувањето на процесните вештини, како решавање на проблеми, критичко и креативно размислување итн.

Овој краток преглед е доволен за да се заклучи дека оценувањето на постигањата на учениците е еден од најсложените процеси во наставата и дека со оглед на неговото општествено значење и на неговата повеќедимензионалност, тој постојано ќе биде актуелен и ќе предизвикува дискусии и дебати.

## 2.4. Управување (менаџирање) со знаењето

Знаењето како капитал и способноста за управување со истиот претставува една интегрирана функционална целина во која постои силна поврзаност помеѓу човекот, процесите кои се одвиваат и информатичките технологии. Поточно се работи за еден процес во кој постои висока поврзаност и меѓусебна зависност на овие три компоненти, и во кои секако дека човечкиот фактор претставува најзначајната карика.

Вложувањата во знаењето како во наставниот кадар, професорите/ наставниците, исто така и во корисниците (студенти) односно вложувањата во сопствениот интелектуален капитал претставува најголемата инвестиција која може да ја подигне и направи конкурентна секоја високообразовна институција. Денес, секоја современа високообразовна институција ориентирана е сè помалку кон традициите и природните ресурси, а се повеќе се потпира на интелектуалниот капитал и негово обременување, каде што менаџментот на знаење се јавува како еден од најзначајните, ако не и клучен фактор во создавањето на конкурентската предност пред другите. По многу нешта денеска образованието не претставува само процес на собирање информации и католизација на факти, туку и систем во кои се селектираат сознанијата и кои како мотиватори влијаат на човековото сваќање за модерните погледи кон светот. Секако дека денеска не е доволно само да се има знаење, способноста на високо-обрзовните институции се огледа точно во управување со знаењето и неговото иплементирање како краен продукт во наставниот процес.

Ако пробаме да го анализираме самиот процес во кој се одвива менаџментот на знаење или поточно управувањето со знаење кое се поседува, независно дали се работи за знаење на единката или заедночкото знаење кое го поседува институцијата, ќе видиме дека се работи за процес во кој основната тенденција е истото да стане достапно за другите. Способноста и умешноста на единката за генерирање и создавање на нов капитал од знаење, како продукт на институцијата во која примарна дејност е образованието и науката, претставува основен или одлучувалки елемент во реализацијата на поставените задачи и остварувањето на зацртаните цели.

Кон менаџментот на знаење не ретко се гледа како кон еден генератор или движечка сила која прави спој помеѓу ентузијазмот на единката и институционалните способности за иновирање и следење на современите текови во образовните

случувања. Тоа е процес на следење и интегрирање на нови сознанија и промени кои можат да доведат само до унапредување и подобрување на образовните ефекти и кои се јавуваат како последица на новите знаења и искуства до кој може да се дојде.

Менаџментот со знаење е процес на креирање, идентификување, собирање, споделување, практикување и примена на знаења, кој е силно изразен во наставно-образовната работа. Работниот фокус во образовните институции, поготово високите школи и факлтетите е целосно насочен кон управувањето со знењето. Само добро подготвен и поткован професор/ наставник кој знае да управува со знаењето може да ја подобри ефективноста и ефикасноста во високо- образовната институции, а со тоа да ги задоволи барањата и потебите на корисниците, т.е., студентите.

Целта на менаџментот на знаење е создавање на дополнитлни вредности како кај единакта, исто така и во воспитно-образовната и научната институција. Или поточно создавање, освојување, обременување, складирање, трансфер и имплементација на знаењето, нагласувајќи ја пред се потребата на институцијата индивидуалното знаење да го претвори достапно за сите, односно знаењето да го направи достапно за сите заинтересирани, студенти, наставници, професори и други во високо-образовните институции и пошироко.

Умешноста и способноста за менаџирање со знаењето и создавање на нов капитал, како и негово практикување во современите високо-образовни институции претставува клучен елемент, ако не и одлучувачки фактор за постигањата и создавањето на предност пред другите институции. Високата експанзија на техничко-информатичките технологии продуцираа зголемен развој со што неминовно ги присилија високо-образовните институции кон брзи и коренити промени како одговор на потребите на пазарот и барањата на корисниците  од ваков вид на услуги. Новите побарувања го стваат во мобилност целокупнот капитал од знаење кое го поседува институцијата или поточно истата мора секогаш да знаае со какви и каков вид на знење располага, како, дополнително да се создадат и обременат знаењата, како да се сочуваат, споделат и истите да се имплементираат. Најкратко речено со знаењето кое за високо-образовните институции претставуа клучен ресурс во натамошниот развој во нелојалната и неконкукрентската борба за престиж потребно е да се занае како најадекватно да се управува. Што значи да се знае да се искористи до максимум како индивидуалното, исто така и колективносто знаење, т.е., да стане достапно знаењето во прав момент и на прав начин до сите челнови, коирисници и на сите нивоа во институциите. Модерната современа високообразовна институција во дваесет и првиот век, во време на глобализација и брз техничко-технолошки и информатики развој може да биде само онаат институција која брзо учи, памти и реагира врз основа на најновите информации и стекнати знаења. Во високообразовната институција мора да постои свесност и способнста за навремено и правилно инкорпрорирање на менаџмент активностите и процесите, креирање и иновирање на нови идеи, споделување на знаењето и искуствата, тимската работа и создавање на бренд со кои ќе се зголеми конкурентската предност пред другите. Снагата на модерната високообразовна институција денеска не е во нејзината големина, туку во силата на нејзините луѓе, во нивните идеи, во нивниот интелектуален капитал, во управувањето со нивното знаење, односно знаењето со кое располага таквата институција. Земјата, капиталот и опремата која ги поседува високообразовната институција не претставуваат повеќе одлучувачки фактор за натамошниот развој и напредок, тоа е човечкиот фактор со неговата способност за управување со знаењето, неговата

способност за имлементација и примена на знаењето со кое ќе се достигнат посакуваните цели и побарувања. Основната цел на секоја модерна високообразовна институција е сите процеси да се посматраат преку призмата на знаењето односно како процеси на знаење.

## 3. Предмет цел, задачи и хипотези во истражувањето

### 3.1. Предмет на истражување

Предмет на истражување на овој проект е еден од поголемите проблеми со кои се соочуваат студентите и вработените (професори/ наставници) во високото образование - вреднувањето на знаење. Се јавува како последица на неправилното оценување и вреднување на стекнатите способности и знаење, а влијае врз натамошниот професионален напредок на единката како за време на студирањето, исто така и при вработувањата и натамошниот кариерен и професионален развој. Од тие причини предметот на истражување покрај вреднувањето на постигнатото ниво на знаење, ја опфаќа посветеноста на високообразовните институции кон знаењето, неговото креирање, пренесување и натамошната примена на истото.

### 3.2. Цел и задачи во истражувањето

Целта на ова истражување е да се утврди какви се ставовите и проценките на испитаниците за вреднувањето на знаењето во високото образование, каква е посветеноста на институциите кон знаењето и дали различните приоди на вреднување и оценување на знаењето можат да предизвикаат дискриминација помеѓу единките. Воедно ќе се утврди и тоа дали различните приоди на вренување и оценување можат да влијаат кон натамошниот професионален и кариерен развој.

За постигнување на поставената цел реализирани ќе се следните истражувачки задачи:

- ✓ *Да се утврди каква е посветеноста на високообразовните институции кон знаењето;*
- ✓ *Да се направи проценка колку високообразовните институции се во можност да одговорат на потребите и побарувањата на нивните корисници;*
- ✓ *Да се утврди дали поставените стандарди на оценуање се во согласност со светските и колку реално го мерат знаењето;*
- ✓ *Квантификување на процесот на работа и вреднување на знаењето помеѓу приватните и државните високообразовни институции;*
- ✓ *Да се направи проценка колку процесот на оценување со применетите критериуми за вреднување реално го отсликуваат нивото на постигања;*
- ✓ *Да се утврди дали управувањето со знаење може да ја подобри посветеноста кон знаењето и ги исполни очекувањата;*
- ✓ *Да се утврди колку и како вреднувањето и оценување на знаењето влијае врз постигањата, напредокот и натамошниот развој.*

### 3.3. Хипотези во истражувањето

**Х-0.** Посветеноста на високообразовните институции кон знаењето се очекува да ги создаде потребните услови за натамошен кариерен и професионален напредок и развој, а применетите критериуми на вреднување и оценување да ги

минимизира  неправилностите и сомнежите, со што ќе се овозможат исти услови, еднаквост и правичност за сите.

***X-****1. Ефектите кои се очекуваат од високообразовните институции се резултат на нивната целосна посветеност кон знаењето.*

***X-2.*** *Очекувано е високообразовните институции позитивно да одговорат на потребите и барањата на корисниците;*

*X-3. Применетите критериуми на оценување и вреднување не секогаш даваат јасна и целосна слика за нивото на постигања.*

***X-4.*** *Се очекуваат разлики во процесот на работа и вреднување на знаењето помеѓу високообразовните институции во државна и приватна сопственост.*

***X-5.*** *Усогласеност на критериумите за оценување и вреднување со светските стандарди и искуства ќе овозможат реално и објективно мерење на знаењето;*

***X-6.*** *Се очекува процесот на управување да овозможи поголема посветеност кон работата, а со тоа да се влијае и врз добиените знаења, потребите и очекувањата на корисниците;*

***X-****7. Правилното вреднување и оценување на знаењето ќе овозможи еднакви услови во остварување на напредокот, работните достигања, како и во професионалниот и кариерен развој.*

# 4. Применета методологија во истражувањето

## 4.1. Тек и постапки во истражувањето

Поаѓаќи од методолошката природа на ова истражувањето се работи за експериментално истражување кое според временската насоченост претставува трансферзална студија со емпириски карактер. Покрај основните истражувачки методи за собирање на податоци во обработката и интерпретацијата на резултатите користен ќе биде статистички метод. За собирање на податоците користени се истражувачките техники анкетирање и скалирање.

Целна популација на истражувањето се студенти, професори/наставници и соработници од подрачјето на Пелагониско-Преспанскот регион или поточно подрачјето каде што гравитира Универзитетот Св. „Климент Охритски“ и неколку приватни високо-образовни институции, каде што се извршени проценки и анализи на нивнте ставови, мислења и искази поврзани со:

- ✓ *Квалитетот и посветеноста на знаењето стекнато во високо-образовните институции*;
- ✓ *Вреднувањето, оценувањето и управувањето со стекнатото знаење*;
- ✓ *Односот помеѓу стекнатото знаење во државните и приватните високо-образовни институци* и
- ✓ *Влијанијата на процесите кои се одвиваат врз работниот, професионалниот и кариерниот развој на корисниците, т.е., целната популација.*

Инструментите за прибирање на податоците ќе бидат изработени заклучно со месец јануари 2020 година, а собирањето на добиените податоци од истражувањето заклучно со април 2020 година. Статистичката обработка на добиените податоци од истражувањето заклучно со месец ноември 2020 година, а нацрт извештајот заклучно со месец февруари 2021 година. Финалниот извештај вклучувајќи клучни наоди и препораки (електронска и печатена форма) изработени ќе се во првата половина на 2021 година.

## 4.2. Примерок на испитаници

Ви истражувањето опфатени ќе бидат вкупно околу 300 испитаници од различен пол, различни средини, општини (соодветни за регионот) и од различни сектори односно струки (образовни, технички, економски, прехрамбено-технолошки, информатички здравство и сл.).

Дефинирани ќе бидат вкупно два примероци на испитаници:

*Примероци на испитаници:*

- ✓ Првиот примерок ќе го сочинуваат испитаниците од државните високообразовни институции;
- ✓ Вториот примерок ќе биде составен од испитаниците во приватните високообразовни институции;

Во изборот на испитаниците значајно ќе биде во конечниот примерок да влезат испитаници од сите високообразони институции во регионот. Во основа ќе се оперира со едноставен случаен примерок кои заради задоволување на репрезентативноста ќе има одредени елементи на случаи на контролиран и стратификуван примерок. Појдовна основа за формирање и изборот на примерокот на испитаници ќе ни се високо-образовните институции во кои членуваат испитанците (студенти и професори/ наставници) и студентските домови во кои се сместени студентите.

За проверка на инструмените во истражувањето ќе се користи пилот примерок од 30 испитаници за секој примерок посебно.

### 4.3. Примерок на варијабли

Сите варијабли кои се применети во истражувањето можат да се поделат во две групи и тоа, според мерната природа и методолошката природа. Спред мерната природа варијаблите поделени се на атрибутивни или кваилтативни и нумерички или квантитативни, додека според методолошката природа на зависни (критериумски) и независни (предикторски).

Прибирањето на податоците извршено ќе биде со примена на техниката акетирање и скалирање.

Во анкетниот прашалник или анкетен лист ќе бидат содржани две групи на прашања. Првиот дел на прашања ќе се однесува на персоналните податоци на испитаниците: возраст; пол; високообразовна институција, работна позциија, статус, работно искуство и сл. Вториот дел на анкетниот лист ќе се проблемски прашања кои се однесуваат на собирање на податоци за актуелниот предмет на истражувањето. Анкетните прашања поставени ќе бидат во форма на затворен тип, каде што ќе бидат понудени повеќе алтернативни одговори.

Од техниката на скалирање користени ќе се нумеричка или ординална (*асцедентна*) скала каде што ќе се застапени повеќе категории на скалери, т.е., поголем опсегот на распон со што ќе се овозможи повисока прецизност односно разлика помеѓу минималните и маскималните вредности. Преку применетите инструменти во истражувањето на испитаниците ќе им се даде можност да ги изразат своите ставови и перцепции за квалилтетот на знаењето, квалитетот на процесот на настава и учење, вреднувањето на знаењето, способноста за управување со знаењето и сл.

При изработката на мерните инструменти посебно внимание ќе се води за метриските карактеристики, со што ќе се зголеми нивото на објективност, валидност, релијабилност и осетливост.

### 4.4. Статистичка обработка на податоците

Сите показатели (податоци) добиени во истражувањето обработени ќе бидат со примена на дескриптивни и компаративни статистички процедури.

Од просторот на дескриптивната статистика за секоја варијабла одредена ќе биде дистрибуцијата на фреквенциите, мерките на централната тенденција и централни дисперзиони параметри:

- ✓ *Аритметичка средина;*
- ✓ *Стандардна девијација и Варијанса;*

- *Вариациона ширина;*
- *Коефициент на варијација,*
- *Скјуникс и*
- *Куртозис.*

Од просторот на компаратвната статистика во основа ќе се користат дискриминаторни процедури, како параметарски исто така и непараметарски, зависно од природата на применливоста на варијаблите и тоа:

- *Хи - квадрат тест за тестирање на подобноста помеѓу очекуваните и опсервираните фреквенции на искази и ставови;*
- *Хи – квадрат тест за тестирање на значајноста на разликите во изнесените поедини ставови и искази помеѓу испитаниците;*
Помеѓу применетиот систем (пакет) од предикторски индикатори за управување со знаењето и критериум за посветеност на институцијата кон клиентите (*VAR00009- Во Нашата институција на клиентите (студентите) им се посветува доволно внимание за да можат да се стекнат со потребното знење)* утврдено е високо статистички значајно ниво на поврзаност со коефициент на корелација од R= .746 и коефициент на предикција кој изнесува $R^2$= .557, што значи дека заедничкиот варијабилитет кој се објаснува е околу 56%. Покрај заедничката поврзаност на применетиот системот и влијанието (предикцијата) кое го има истиот, поединечно статистички значајно влијание врз критериумот забележано е од страна на шест индикатори. Поединечно позитивно ниско статистички значајно влијание врз истиот утврдено е од страна на вториот, четвртиот и седмиот индикатор *(VAR00002- Свесен/ на сум за потребата од проактивно управување со знење во нашата институција; VAR00004- Ракводството го препознава упаравувањето со знење како важен дел од деловната стратегија*; *VAR00007- Довербата во давателот на знење (професор/ наставник) го олеснува процесот на учење),* додека поединечно позитивно средно статистички значајно влијание врз истиот утврдено е од страна на првиот, третиот и петтиот индикатор *(VAR00001- Интелектуалните вредности во образовнте инситуции се признаваат и вреднуваат; VAR00003- Знаењето се смета за клучно стратешко средство; VAR00005- Постои доверба во Нашата институција како давател на знење).*

Помеѓу применетиот систем (пакет) од предикторски индикатори за управување со знаењето и критериум за исполнетост на очекувањата од добиени знаења (*VAR00010- Во институцијата исполнети се очекувањата од добиените знења)* утврдено е високо статистички значајно ниво на поврзаност со коефициент на корелација од R= .719 и коефициент на предикција кој изнесува $R^2$= .517, што значи дека заедничкиот варијабилитет се објаснува е околу 52%. Покрај заедничката поврзаност на применетиот системот и влијанието (предикцијата) кое го има истиот, поединечно статистички значајно влијание врз критериумот забележано е од страна на пет индикатори. Поединечно позитивно ниско статистички значајно влијание врз истиот утврдено е од страна на вториот, третиот, четвртиот и петтиот индикатор (*VAR00002- Свесен/ на сум за потребата од проактивно управување со знење во нашата институција; VAR00003- Знаењето се смета за клучно стратешко средство; VAR00004- Раквoдството го препознава упаравувањето со знење како важен дел од деловната стратегија; VAR00005- Постои доверба во Нашата институција како давател на знење*), додека поединечно позитивно средно статистички значајкно влијание утврдено е од страна на првиот индикатор (*VAR00001- Интелектуалните вредности во образовните инситуции се признаваат и вреднуваат*).

Според добиените (нумерички) показатели кои укажуваат за состојбите во дел од просторот за оценување и вреднување на знењето, може да се забележи дека вредностите се движат во границите од 3,44 до 3,96, што значи дека се нешто над средната вредност. Најниски вредности се добиени во осмиот индикатор *„Добиениот просек во оценувањето во високо-образовните институции како критериум, предвиден во законските регулативи на дражавата, ги става во нерамноправна положба луѓето при нивното вработување“,* додека највисоки во петтиот индикатор *„Постојат разлики во студирњето помеѓу приватните и државните високо-образовни институции во државата“.* Од добиените вредности може да се збележи дека во институциите постои систем на вреднување, а преку процесот на оценување се добива одредена претстава за работата на институцијата, нивниот напредок и нивните постигања, воедно се добиваат показатели и за напредокот и постигањата на студентите и нивните професори. Евидентно е и тоа дека постојат разлики во студирањето на високо-образовните институции, што го истакнуваат испитаниците и од приватните и државните институции. Според проценките на испитаниците применетата скала со која се мери знаењето често дава реални показатели или чест реално го отсликува знаењето кај студентите, меѓутоа применетите критериуми за вреднување помеѓу високо-образовние институции се различни, т.е., постојат различни критериуми на вреднување, од што може да се забележи дека различно се вреднува и оценува знаењето во државата, односно постојат разлики во вреднувањето и оценувањето во државните и приватните високо-образовни институции. Евидентен е и ставот кај испитаниците дека критериумите кои се вградени во законските регулативи од просекот во студирање често ги става во нееднаква положба испитаниците од државните и приватните високо-образовни институции, како при нивното вработување исто така и во нивниот натамошен кариерерн и професионалне напредок и развој.

Разлики од анализираните квантитативните (нумеричките) показатели со кои се објаснува дел од просторот за вреднување и оценување на знаењето во високо-образовните институции помеѓу испитаниците од државните и прватните институции

добиени се во пет (*првиот, вториот, третиот, четвртиот и седмиот*) од вкупно девет индикатори. Различни во даденит проценки се испитаниците во првиот индикатор, што значи дека поголем оптимизам за вреднувањето на знаењето постои кај испитаниците од приватните високо-образовни институции. Според добиените резултати, разлики во извршените проценки постојат и во ценетоста или ставот и мислењето за лицата кои располагат со интелектуални знаења, т.е., вториот индикатор, за што испитаниците од приватните институции се со проценка од повисоко ниво (4,20) или мислат дека *често* се ценети, во споредба со испитаниците од државните институции кои според проценките (3,73) се со став и тенденција дека само понекогаш или кај одредени лица интелектуалните знаења посебно се ценат. Воедно со различно ниво на проценка испитаниците од двата суппримероци и околу процесот на оценување, преку кој може да се добие слика за напредокот и постигањата на студентите, професорите па и целокупната институција. Според добиените вредности од проценката испитаниците од приватните институции со повисоко ниво на проценка, со што се става до знаење дека овие испитаници имаат поголема доверба во процесот на оценување. Идентичен став кај испитаниците се има и околу скалата на вреднување на знаењето. Имено испитаниците од приватните институции повеќе и веруваат на постоечакта скала на проценки (5-10). Нивото на извршена проценка од 4,09 укажува дека доста реално го отсликува знаењето кај студентите, во споредба со испитаниците од државните институции кај кои нивото на проценка е значително пониско (3,55) или со тенденција од често кон понекогаш, што значи дека кај испитаниците од државните институции се има поголема резерва кон постоечката скала на вреднување. Интересен е ставот од извршената проценка кај испитанците од двата суппримероци во седмиот индикатор, со кои се сака да се види дали различно се вреднува и оценува знаењето во државните и приватните високо-образовни институции. Едногласи се дека постои различно вреднување, меѓутоа според нивото на проценки значително се разликуваат. Испитаниците од државните институции со високо ниво на проценка од 4,02, кои укажуваат на постоење чести разлики во вреднувањето на знаење, додека испитаниците од приватние институции со проценка од многу високо ниво од 4,54 кои укажува на постоење од драстични разлики кои редовно се присутни во вреднувањето и оценувањето на знаењето помеѓу приватните и државните високо-образовни институции. Ваквата неусогласеност и различен приод на вреднување и оценување на знаењето ги става во целосна нерамноправна положба безмалку сите (*студенти/ наставниците/ професори*) како при вработувањата и извршувањето на работните задачи и обврски, исто така и при нивниот натамошен професионален и кариерен развој, за што во наредните (последните) два индикатори испитаниците од двата суппримероци на испитаници имаат идентичен став.

Според добиените вредности во интеркорелационата матрица за меѓусебната поврзаност помеѓу индикаторите кои објаснуваат дел од просторот за вреднување и оценување на знаењето и постигањата во високо-образовните институции постои корелација од ниско, средно и високи позитивно ниво. Поврзаност од ниско и средно позитивно ниво забележано е помеѓу двата индикатори кои ги претставуваат постигањата, натамошниот развој и напредок, со останатите индикатори, односно пакетот на индикатори кои го дефинираат вреднувањето и оценувањето на знаење. Највисока поврзаност на показателот кој укажува за нерамноправноста при вработувањата, осмиот (*VAR00008- Добиениот просек од оценувањето во високо-*

*образовните институции како криетриум, предвиден во законски регулативи на државата, ги става во нерамноправа положба луѓето при нивното вработување) утврдена* е со седмиот индикатор *(VAR00007- Постои доверба во Нашата институција како давател на знење)*, со корелација од средно позитивно ниво (r= ,379, N= 302, p= ,000). Највисока поврзаност на другиот показател кој укажува за нерамноправноста во напредокот, деветтиот индикатор (*VAR00009- Поставените критериуми на вреднување и оценување на постигањата, студентите и професорите од државните и приватните високо-образовните институции ги става во нерамноправна положба при нивното натамошно напредување)* утврдена е исто со седмиот индикатор (*VAR00007- Постои доверба во Нашата институција како давател на знење)*, со корелација од средно позитивно ниво (r= ,382, N= 302, p= ,000).

Помеѓу применетиот систем (пакет) од предикторски индикатори за вреднување и оценување на знаењето и критериум кој укажува за нерамноправноста при вработувањата (*VAR00008- Добиениот просек од оценувањето во високо-образовните институции како криетриум, предвиден во законски регулативи на државата, ги става во нерамноправа положба луѓето при нивното вработување)* утврдено е статистички значајно ниво на поврзаност со коефициент на корелација од R= .46 и коефициент на предикција кој изнесува $R^2$= .219, што значи дека заедничкиот варијабилитет се објаснува е околу 22%. Покрај заедничката поврзаност на применетиот системот и влијанието (предикцијата) кое го има истиот, поединечно позитивно средно статистички значајно влијание врз критериумот забележано е од страна на седмиот индикатори (*VAR00007- Различно се вреднува (оценува) знаењето во државните и приватните Високо-образовни институции)*.

Помеѓу применетиот систем (пакет) од предикторски индикатори за вреднување и оценување на знаењето и критериумот кој укажува за нерамноправноста при напредокот и постигањата (*VAR00009- Поставените критериуми на вреднување и оценување на постигањата, студентите и професорите од државните и приватните високо-образовните институции ги става во нерамноправна положба при нивното натамошно напредување),* утврдено е статистички значајно ниво на поврзаност со коефициент на корелација од R= .475 и коефициент на предикција кој изнесува $R^2$= .225, што значи дека заедничкиот варијабилитет се објаснува со околу 23%. Покрај заедничката поврзаност на применетиот систем и влијанието (предикцијата) кое го има истиот, поединечно статистички значајно влијание врз критериумот забележано е од страна на четири индикатори. Поединечно позитивно ниско статистички значајно влијание утврдено е од страна на вториот и третиот индикатор (*VAR00002- Лицата кои располагаат со интелктуални знења се посебно ценати во нашата институција; VAR00003- Преку процесот на оценување се отсликува напредокот и постигањата на студентите, професорите и целокупната образовна институција)* и поединечно ниско негативно статитички значајно влијание од страна на петтиот индикатор *(VAR00005- Постојат разлики во студирањето помеѓу приватните и државните Високо-образовни институции*). Додека поединечно позитивно средно статистички значајно влијание утврдено е од страна на седмот индикатор (*VAR00007- Различно се вреднува (оценува) знаењето во државните и приватните Високо-образовни институции*).

## 7. Заклучни согледувања

Значајноста на овој проект може да се согледа преку неколку теоретски и практични сознанија и аспекти.

Теоретското значење се согледа во потврдата на заклучоците од бројни научни студии (дел наведени во нашата теоретска разработка и рамка) кои укажуваат на значењето за посветеноста и менаџментот на знаење и вреднувањето и оценување на знаењето кое всушност претставува појдовна основа за натамошни достигања и напредокот на луѓето. Досегашните истражувања поточно ја нагласуваат значајноста на самите процеси кои се одвиваа во високо-образовните институции, случувањата, промените, иновациите и следењето на светските образовни трендови.

Практичното значење во овој проект може да се согледа во непосредната примена на податоците до кои се дојде во текот на истражувањето. Во новите сознанија, нивната потврда и компарирања на добиените резултати со претходните и постоечките, поврзаноста и влијанието на одредени случувања и иновации кои директно или индиректно вршат промени во начинот на работа на институциите, а со тоа и во достигањата, напредокот и натамошниот развој, како на самите институци исто така и индивидуално на нивните корисници, организатори, даватели на знаење и сите останати. Добиените резултати од истражувањето ни дадоа можност да откриеме дел од случувањата во одредени високо-образовни институции во Р. С. Македонија. Изнесените ставови, дадените искази, тврдења и извршените проценки во истражувањето детерминираа неколку заклучоци кои ги карактеризираат состојбите и процесите во високо-образовните институции и тоа:

- Генерално за посветеноста кон знаењето и стекнувањето со потребните вештини и способности во високо-образовните институции може да се каже дека е на задоволително ниво, иако постојат разлики во изнесените ставови помеѓу испитаниците од приватните и државните институции. Поголемо задоволство за посветеноста кон знаењето присутно е во приватните високо-образовни институции;

- За најзначаен чекор во процесот на управување (менаџирање) со знаењето се смета дека е споделувањето на знаење, а за најзначаен фактор мотивацијата;

- Човекот претставува најважниот ресурс во образовните институции, каде најчесто се смета дека се наоѓа и знаењето на образовната институција, или поточно во меморијата на луѓето од тие институции. Одреден број на испитаници од државните високо-образовни институции, на технологиите и процесите кои се случуваат им даваат голема значајност;

- Знаењето во основа претставува клучен ресурс за унапредување во работата, иако кај одреден број на испитаници постои одредена резерва. Испитаниците од државните високо-образовни институции не го делат во целост мислењето дека секогаш знаењето е клучно за унапредување во работата;

- Околу процесите кои се одвиваат во високото-образование институции постои делумно задоволство. Значителен број на испитаници од државните високо-образовни институции укажуваат на незадоволство од процесите кои се одвиваат, што

несомнено го отвара прашањето за преиспитување на досегашната работата и секако преземање на нови чекори кон воведување на промени и иновации кои треба да бидат во прилог на подобрување и задоволување на потребите и очекувањата на корисниците;

- Интелектуалните вредности во високо-образовните институции генерално се признаваат, знаењето се смета за клучно стратешко средство и постои доверба во нив како даватели на знаење. Во сиве овие индикатори кои на некој начин ја карактеризираат високообразовната институција утврдени се разлики во извршените проценки помеѓу испитаниците од државните и приватните институции. Постои поголема доза на доверба од страна на испитаниците од приватните институции.

- Исполнителноста на очекувањата од знаењата се темели врз основа на целосната посветеност кон менаџментот на знаење, за што постои целосна свесност од проактивно управување со знаењето, кое пак се сметаат за важен и значаен дел од деловната стратегија. Воедно и во овие индикатори утврдени се разлики во извршените проценки помеѓу испитаниците од државните и приватните високо-образовни институции, со повисоко ниво кај приватните, што му даваат поголемо значење на управувањето и менаџментот на знаење во остварување на постигањата и очекувањата во институциите;

- Давателите на знаење (профсори/ наставници) се сметаат како најодговорни за ефектите во интеракцијата од наставниот процес, што им овозможува на клиентите (студентите) да се стекнат со потребните знаења. Воедно стекнатата доверба во давателите на знаење се очекува да овозможи оленување на процесот на учење. Од анализите утврдени се статистички значајни разлики во извршените проценки помеѓу испитаниците од државните и приватните високо-образовни институции, од што може да се заклучи дека постои поголема доверба кај испитаниците од приватните високо-образовни институции во даватлите на знаење (професори/ наставници), сметаќи ги за најодговорни за ефектите во наставниот процес;

- Според корелациската анализа утврдена е поврзаноста од средно и високо статистички значајно ниво помеѓу применетите индикатори со кои се објаснува посветеноста на знаењето со применетите индикатори кои го дефинираат процесот на управување и менаџмент со знаење;

- Од добиените анализи за применетиот систем на предиктори (*индикаторите со кои се објаснува просторот за управување со знаењето*) врз критериумот (*индикаторите кои го објаснуваат просторот за посветеност на знаењето*) утврдено е дека применетиот систем значајно влијае врз истиот.

- Покрај влијанието што го има применетиот систем на предиктори, поединечно влијание врз еден од критериумите (*Посветеноста на институцијата кон унапредувањето со знаење)* утврдено е од страна и на четири независни индикатори кои со своето делување можат да предизвикаат одредени промени врз истиот (*Интелектуалните вредности во образовнте инситуции се признаваат и вреднуваат; Знаењето се смета за клучно стратешко средство; Постои доверба во*

*Нашата институција како давател на знење и Довербата во давателот на знење (професор/ наставник) го олеснува процесот на учење*).

- Кон другиот критериум (*Во Нашата институција на клиентите (студентите) им се посветува доволно внимание за да можат да се стекнат со потребното знаење*) покрај влијанието што го има применетиот систем на предиктори, поединечно влијание утврдено е од страна на шест независни индикатори, кои исто така со своето делување можат да предизвикаат одрредени промени кон истиот (*Интелектуалните вредности во образовнте инситуции се признаваат и вреднуваат; Свесен/ на сум за потребата од проактивно управување со знење во нашата институција; Знаењето се смета за клучно стратешко средство; Ракводството го препознава упаравувањето со знење како важен дел од деловната стратегија; Постои доверба во Нашата институција како давател на знење и Довербата во давателот на знење (професор/ наставник) го олеснува процесот на учење).*
- Кон последнот или третиот критериум (*Во институцијата исполнети се очекувањата од добиените знења*) покрај влијанието што го има применетиот систем на предиктори, поединечно влијание утврдено е од страна на пет независни индикатори, кои исто така со своето делување можат да предизвикаат одрредени проомени кон истиот (*Интелектуалните вредности во образовните инситуции се признаваат и вреднуваат; Свесен/ на сум за потребата од проактивно управување со знење во нашата институција; Знаењето се смета за клучно стратешко средство; Ракводството го препознава упаравувањето со знаење како важен дел од деловната стратегија и Постои доверба во Нашата институција како давател на знаење).*

- За вреднувањето и оценувањето на знаењето утврдено е дека не секогаш и во сите институции е на потребното ниво. Според очекувањата на испитаниците за нивото на знаења со кои можат да се стекант во високо-образовните институции, генерално истите се недоволни. Утврдените разлики помеѓу испитаниците од приватните и државните институции упатуваат дека кај испитаниците од приватните институции очекувањата за нивото на знаење се поголеми.

- Постои неусогласеност на сандардите на оценување со светските, а многу малку од високо-образовните институции ги имаат во предвид искуствата од други земји. Занчителна поголема поддршка на ваквиот став присутен е кај испитанците од државните институции.

- Добиените оценки од процесот на вреднување и оценување не се во целост правилен одраз на знаењето. Применетите инструменти за оценување не овозможуваат целосен правилен увид во знаењето, што значи дека не го мерат во целост реално квалитетот и квантитетот на стекнатите знаења. Испитаниците од државните институции со понагласен став околу слабостите во оценувањето и примената на испитните инструменти.

- Во високо-образовните институци постои систем на вреднување, каде што преку воспоставениот процес на оценување се добива одредена претстава за работата, напредокот и постигањата и на институцијата како колектив, воедно и за

индивидуалните постигања и напредокот на професорите, студентите и останатите вработени и корисници. Кај испитаниците од приватните институции постои поголема доверба во вреднување на знаењето и интелектулните способности во високо-образовните институции во споредба со државните.

- Присутни се разлики во студирањето помеѓу приватните и државните високо-образовни институции.

- Постојат разлики во критериуми за оценување и вреднување на знаењето помеѓу приватните и државните институции, а со тоа постои и различно вреднување и оценување на знаењето помеѓу државните и приватните високо-образовни институции.

- Применетата скала на оценување од 5-10, генерално доволно реално го отсликува знењето. Кај испитаниците од прватните институции постои поголема доверба во оценувањето во споредба со државните институции.

- Применетите критериуми вградени во законските регулативи од просекот на студирање во државните и приватните високо-образовни институции предизвикуваат нееднаквност и нерамноправност при вработувањето и натамошинот кариерен и професионалн развој и напредок.

- Постои поврзаност од ниско и средно позитивно ниво помеѓу индикаторите кои го дефинирааат напредокот, постигањата и натамошниот развој со процесот во кој се вреднува и оценува знаењето.

- Според анализите од применетиот систем на предиктори (*индикаторите со кои се објаснува просторот на вреднување и оценување*) врз критериумот (*индикаторите со кои се објаснува напредокот, постигањата и натамошнот развој)* утврдено е дека применетиот систем значајно влијае врз истиот.

\- Покрај влијанието што го има применетиот систем на независни индикатори (предиктори), поединечно влијание врз едниот зависен индикатор односно критетиум (*Добиениот просек од оценувањето во високо-образовните институции како криетриум, предвиден во законски регулативи на државата, ги става во нерамноправа положба луѓето при нивното вработување*) утврдено е од страна на седмиот индикатор, кои со своето делување може да предизвика одредени промени врз истиот (*Различно се вреднува (оценува) знаењето во државните и приватните Високо-образовни институции*).

\- Покрај влијанието што го има применетиот систем на независни индикатори (предиктори), поединечно влијание врз другиот зависен индикатор односно критериум (*Поставените критериуми на вреднување и оценување на постигањата, студентите и професорите од државните и приватните високо-образовните институции ги става во нерамноправна положба при нивното натамошно напредување*) утврдено е од страна на четири индикатори кои со своето делување можат да предизвикаат одредени промени врз истиот (*Лицата кои располагаат со интелктуални знења се посебно ценати во нашата институција*; *Преку процесот на оценување се отсликува напредокот и постигањата на студентите,*

*професорите и целокупната образовна институција*; *Постојат разлики во студирањето помеѓу приватните и државните Високо-образовни институции*; *Различно се вреднува (оценува) знаењето во државните и приватните Високо-образовни институции*).

## 8. Библиографија


1. Andrilović, V. i Obradović, M., Č. (1996). *Psihologija učenja u nastave*. Zagreb: Školska knjiga.
2. Bezhani, I. (2010). *Intellectual capital reporting at UK universities*". Journal of Intellectual Capital, 11(2), 179-207.
3. Birgeneau, R. (2016). Foreword: The Role of the University and Basic Research in the New Economy. In G. Jones, P. McCarney & M. Skolnik (Ed.), *Creating Knowledge, Strengthening Nations: The Changing Role of Higher Education (pp. ix-xvi).* Toronto: University of Toronto Press. https://doi.org/10.3138/9781442673564-001
4. Black, P. & Wiliam, D. (1998). Assessment and classroom learning. *Assessment in education: principles, policy and practice, 5*(1).
5. Bloom, B., S., (Ed.) Engelhart, M., D., Furst, E., J., Hill, W., H., Krathwohl, D., R. 1956. *Taxonomy of educational objectives: The classification of educational goals*. Handbook 1: Cognitive domain. New York: David McKay
6. Brookhart, S. (2008). *How to give effective feedback*, Chapter 1, 2. Feedback: An Overview, ASCD Learn, Teach, Lead.
7. Casanueva, C. and Gallego, A. (2010). *Social capital and individual innovativeness in university research networks*. Innovation: Management, Policy and Practice, 12(1), 105-117
8. Chappuis, J. (2012). How am I doing? *Educational leadership, 90*(1), 36– 41.
9. Corcoles Y. R., Penaver J. S. and Ponce A. T. (2011). *Intellectual capital in Spanish public universities: stakeholders' information needs", Journal of Intellectual Capital*, 12(3), 356-376
10. Delgado-Verde M., De Castro M. and Amores-Salvadó J. (2016). *Intellectual capital and radical innovation: Exploring the quadratic effects in technology-based manufacturing firms*. Technovation, 56, 35-47.
11. European Commission (2006), "Ricardis: Reporting intellectual capital to augment research, development and innovation in SMEs. Report to the Commission of the High Level" ExpertGroup on Ricardis. Available at: http://ec.europa.eu/invest-in-research/pdf/download_en/2006-2977_web1.pdf
12. Good, T., L., Brophy, J. (1984). *Teacher behavior and student achievements*. The Institute for Research on teaching, Michigan State University.
13. Goode, K., Kingston, T., Grant, Millar, J., Munson, L. (2010). *Assessment for learning*. ETFOVoice.
14. Gojkov, G. (2009). *Dokimologija*. Vršac: Viskoa škola strukovih studija za obrazovanje vaspitača „Mihajlo Pupin".
15. Đorđević-Bojanović, J. (2009). *Menadžment znanja*. Beograd: Data status.
16. Janusheva, V., Pejchinovska, M. (2011). Formative assessment in the teaching practice through the prism of the teachers. Proceedings form the International science conference: ,,Educational technologies", 19: 71–76. Bulgaria: Announcements of Union of Scientists – Sliven.
17. Јанушева, В. (2011). Оценување на процесните вештини кај учениците. *Зборник на трудови од меѓународната конференција: Оценување за учење во 21 век*, 240 – 247. USAID, PEP.
18. Kong, E., Prior, D. (2008). *An intellectual capital perspective of competitive advantage in nonprofit organisations*. International Journal Nonprofit Voluntary Sector Marketing, 13, 119-128.
19. Leitner, K.-H. (2004). *Valuation of intangibles. Intellectual capital reporting for universities: conceptual background and application for Austrian universities*. Research Evaluation, 13(2), 129-40.
20. Leitner, K.-H. and Warden, C. (2004). *Managing and reporting knowledge-based resources and processes in research organizations: specifics, lessons learned and perspectives*, Management Accounting Research, 15(1), 33-51.

21. Linn, R., L., & Miller, M., D. (2005). *Measurement and assessment in teaching* (9th ed.). Upper Saddle River, NJ: Pearson Prentice Hall.
22. Lönnqvist, A.& Mettänen, P. (2011). Criteria of sound intellectual capital measures. Available at https://www.researchgate.net/publication/228920489_Criteria_of_sound_intellectual_capital_measures.
23. MERITUM (2002), Canibano, L. Garcia Ayuso, M. Sanchez, P. Chaminade, C (Eds) Guidelines for managing and reporting on intangibles (Intellectual Capital Report), Airtel-Vodafone Foundation, Madrid. Available at: http://www.pnbukh.com/files/pdf_filer/MERITUM_Guidelines.pdf
24. Митревски, В. Значењето на менаџментот на знаење за успешноста на образовните институции. Во *зборник на трудови* „Современите менаџерски предизвици и организациските науки", Битола: Петта меѓународна научна конференција, 2018, стр. 355-363.
25. Митревски, В., Стојановска, В. (2020). Поврзаноста на интелектуалните вредности со знаењето. *Зборник на трудови, Втора интернационална научна конференција Надарените и Талентираните Креатори на Прогресот* организиран од Универзитетот св. Климент Охридски Битола, Педагошки факултет, Битола 28 Октомври, 2020 CIP – Каталогизација во публикација Матична и универзитетска библиотека ,,Св. Климент Охридски", Битола. 376.54 (063). стр. 269-274.
26. Mouritsen, J., Thorbjørnsen, S., Bukh PN, Johansen, MR. (2004). *Intellectual capital and new public managemen*t. The Learning Organisation, 11(4/5), 380-392.
27. Nitko, A., J. (2004). *Educational assessment of students*, Chapter Nine Notes.
28. Pintrich, P., Schunk, D. (1996). *The role of expectancy and self-efficacy beliefs. Motivation in education: theory, research & applications*, Ch. 3. Englewood Cliffs, NJ: Prentice
29. Поповски, К. (2005). Училишна докимологија: следење, проверување и оценување на постигањата на учениците. Скопје: Китано.
30. Rafee, M., Mosavi, M., Amirzadeh, R. (2010). *Formulating and elaborating a model for the recognition of intellectual capital in Iranian universities*. World Applied Sciences Journal, 10(1): 23-28.
31. Ramírez, Y. (2010). *Intellectual capital models in Spanish public sector*. Journal of Intellectual Capital, 11(2), 248- 264.
32. Ramírez, Y., & Gordillo, S. (2014). Recognition and measurement of intellectual capital in Spanish universities. Journal of Intellectual Capital, 15(1), 173-188.
33. Ramírez, Y., Lorduy, C., Rojas, JA. (2007). *Intellectual capital management in Spanish Universities*. Journal of Intellectual Capital,8(4), 732-748.
34. Sanchez, P., Elena, S. and Castrillo, R. (2009). *Intellectual capital dynamics in universities: a reporting model*, Journal of Intellectual Capital, 10(2), 307-324
35. Secundo, G., Elena-Perez, S., Martinaitis, Ž. and Leitner, K.-H. (2015). *An intellectual capital maturity model (ICMM) to improve strategic management in European universities*: *A dynamic*
36. *Approach.* Journal of Intellectual Capital, 16(2), 419-442
37. Secundo, G., Margheritam, A., Elia, G. and Passiante, G. (2010). *Intangible assets in higher education and research: mission, performance or both?* Journal of Intellectual Capital, 11(2), 140-157.
38. Талевски, Ј. и Јанушева. (2015). *Аспекти на оценувањето*. Битола: Педагошки факултет.
39. Warden, C. (2003). *Managing and Reporting Intellectual Capital: New Strategic Challenges for HEROs.IP Helpdesk Bulletin,* 8. Available at: http://www.ipr-helpdesk.org/newsletter/8/pdf/EN/N08_EN.pdf

40. Wiggins, G. (1990). The case for authentic assessment. *Practical assessment, research & evaluation, 2*(2).
41. Šoramz, G. (2018). Implementacja menadžmenta u obrazovanju kao klučni factor razvoja i efikasnost obrazovnih institucija (*doktorska disertacija*). Novi Sad: Fakultet za ekonomiju i inžinerski menadžment.
42. Šoramz, G., Trisić, M. and Anohelić, S. QUALITY MENAGEMENT IN EDUCATION. Naučno stručna konferencija sa medjunarodnim učesčem „TRENDOVI U POSLOVANJE 2020“, Kruševac, IX, 2020.

## 9. Прилози

**Педагошки факултет Битола**

Почитувани,

Целта на оваа Наша анкета е добивање на одредени информации од областа на управувањето и вреднување на знењето.

Напоменуваме дека анкетниот прашалник е анонимен и дека, собраните податоци нема да се прикажуваат никаде поединечно, односно само како агрегатни податоци наменети за изработка на мини студија од наведената тема. На тој начин Вашата анонимност е гарантирана, па според тоа Ве замолуваме да ни помогнете во дадените одговори, искази и тврдења.

**I). Лични податоци за испитаникот**

ПРВ ДЕЛ
Во овој дел означете го одгворот кој се однесува на личните податоци

***Институција***
**Универзитет:**
________________________________________________________________________

**Високообразовна институција (факулет/ висока школа):**
__________________________________________________________________________________

**Работна позиција:**
а) Професор; б) Наставник в) Студент

**Студент на:**
а) Додипломски; б) Магистерски в) Докторски

**Возраст:**
а) До 30 години б) Од 31 до 50 години в) Над 51 година

**Работно искуство:**
а) Од 0 до 10 години б) Од 11 до 20 години в) Над 21 година

**Пол:**
а) Машки б) Женски

**II) Посветеност и управување со знаењето**

*ВТОР ДЕЛ – квалитативни индикатори*
На анкетните прашањата под реден број 1 - 7 заокружете еден од понудените одговори односно означете го исказот што мислите дека е најсоодветен според Вашата перцепција.

**1). Во Наштa институција доволно се посветува внимание кон стекнувањето со знаење, вештини и способности?**

а) Секогаш
б) Често
в) Понекогаш
г) Ретко

**2). За најважен ресурс во образовните институции (факултетите/ училиштата) сметаме дека е:**

а) Човечкиот ресурс
б) Процесите кои се случуваат
в) Технологиите

**3). Каде најчесто се наоѓа знаењето во образовните институции?**

а) Во меморијата на луѓето
б) Во трудовите на хартија
в) Во меморијата на компјутерите
г) На друго место (наведи) ____________________________________

**4). Кои од чекорите во управувањето (менаџментот) со знаење сметате дека е најважен во образовната институција?**

а) Идентификација на потребните знења
б) Систематско собирање на знењето
в) Организирање на знаењето
г) Споделување на знаењето
д) Адаптирање на знењето
ѓ) Користење на знењето

**5). Кои од наведените фактори сметате дека е најзначаен за управувањето (менаџмент) со знаење во образовните институции?**

а) Природата на знаењето
б) Мотивацијата за креирање и споделување на знењето
в) Можностие и условите за креирање и споделување на знењето
г) Културата во средината и институцијата

**6). Во образовните институции знаењето преставува клучен ресурс за унапредување во работата.**

а) Секогаш
б) Често
в) Понекогаш
г) Ретко

**7). Дали сте задоволни од процесите кои се одвиваат во образовните институции?**

а) Во целост сум задоволен
б) Делумно
в) Недоволно
г) Воопшто не сум задоволен

*ВТОР ДЕЛ – Квантитативни индикатори*
На дадените тврдења под реден број 1 до 10 извршете проценка на скала од еден до пет, односно означете го нивото (заокружи) кое мислите дека е најсоодветно според Вашата перцепцоија.

| Р. Бр. | Искази/ тврдења | Проценка на скала од 1 до 5 (1-не; 2-ретко; 3-понекогаш; 4-често; 5- |
|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | секогаш) | | | | |
| 1 | Интелектуалните вредности во образовните институции се признаваат и вреднуваат | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 2 | Свесен/ на сум за потребата од проактивно управување со знаење во нашата институција | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 3 | Знаењето се смета за клучно стратешко средство | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 4 | Раководството го препознава упаравувањето со знење како важен дел од деловната стратегија | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 5 | Постои доверба во Нашата институција како давател на знаење | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6 | Давателите на знење ( професор/ наставник) се најодговорни за ефектите на интеракција во наставниот процес | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 7 | Довербата во давателот на знаење ( професор/ наставник) го олеснува процесот на учење | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 8 | Институцијата во целост е посветена на унапредување со знаењето | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 9 | Во Нашата институција на клиентите (студентите) им се посветува доволно внимание за да можат да се стекнат со потребното знаење | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 10 | Во институцијата исполнети се очекувањата од добиените знаења | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**III) Вреднување и оценување**

*ТРЕТ ДЕЛ – Квалитативни индикатори*
На анкетните прашањата под реден број 1 - 5 заокружете еден од понудените одговори односно означете го исказот што мислите дека е најсоодветен според Вашата перцепција.

**1). Според Вашите очекувања, дали високообразовната институција (факултетот) ќе Ви овозможи да се стекнете со потебните знења?**

а) Во целост
б) Делумно
в) Недоволно
г) Не

**2). Според Вас со кои од долу наведените основни категории е гледате поврзаноста на докимологијата?**

а) Оценување
б) Мерење
в) Вреднување
г) Евалуација

**3). Сметате ли дека поставените стандарди за оценување се во согласност со светските, односно се земени во предвид искуствата од други земји?**

а) Во целост се усогласени
б) Делумно
в) Не
г) Не су м запознат

**4). Дали добиените оценки се правилен одраз на знењето со кое се располага?**

а) Секогаш                    в) Многу ретко

б) Понекогаш                  г) Никогаш

**5). Дали преку применетите испитни инструменти во оценувањето се добива поцелосен увид во знењата, односно применетите инструменти објективно и реално го мерат квалитетот и квантиетот на стекнати знења?**

а) Секогаш                    в) Понекогаш

б) Често                      г) Ретко

*ЧЕТВРТ ДЕЛ – Квантитативни индикатори*

На дадените тврдења под реден број 1 до 9 извршете проценка на скала од еден до пет, односно означете го нивото (заокружи) кое мислите дека е најсоодветно според Вашата перцепцоија.

| Р. Бр. | Искази/ тврдења | Проценка на скала од 1 до 5 (1-не; 2-ретко; 3-понекогаш; 4-често; 5-секогаш) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Во Нашата институција се вреднува знаењето | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 2 | Лицата кои располагаат со интелектуални знаења се посебно ценети во нашата институција | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 3 | Преку процесот на оценување се отсликува напредокот и постигањата на студентите, професорите и целокупнава образовна институција | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 4 | Скалата на вреднување на знењето (5-10) во Високо-образовните институции во државата реално го отсликува знаењето кај студентите | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 5 | Постојат разлики во студирањето помеѓу приватните и државните Високо-образовни институции | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6 | Постојат различни критериуми во вреднувањето на знаењето (оценувањето) помеѓу Високо-образовните институциите во државата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 7 | Различно се вреднува (оценува) знаењето во државните и приватните Високо-образовни институции | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 8 | Добиениот просек од оценувањето во високо-образовните институции како критериум, предвиден во законски регулативи на државата, ги става во нерамноправа положба луѓето при нивното вработување | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 9 | Поставените критериуми на вреднување и оценување на постигањата, студентите и професорите од државните и приватните високо-образовните институции ги става во нерамноправна положба при нивното натамошно напредување | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |